Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Одделение за правни работи и управување со човечки ресурси
Сектор за правни работи, управување со човечки ресурси и меѓународна помош

08.01.2021

**Архивски број**: 04-7/1

Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работните односи – Пречистен текст (Службен весник на РМ бр. 167/2015 година) и Закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи (Службен весник на РМ број 27/2016, 134/2016, 120/2018 и Службен весник на РСМ број 110/2019, 267/2020), во врска со чл 14, чл 22 став 1, алинеја 2, став 3, став 8, став 13 и став 14 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и Службен весник на РСМ број 143/2019, 14/2020), Правилникот за внатрешна организација на Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија број 02-541/3 од 25.12.2019 година, Правилникот за систематизација на работните места во Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија број 02-541/4 од 25.12.2019 година и известувања од Министерството за финансии на Република Северна Македонија бр. 18-9513/2 од 31.12.2020 и број 08-4628/306-2 од 25.12.2020 година, Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија објавува:

## ЈАВЕН ОГЛАС бр. 1/2021

за вработување на 1 (еден) извршител на определено работно време, поради привремено зголемен обем на работа, до крајот на тековна фискална година (2021)

и

за вработување на 1 (еден) извршител на работното место Возач со шифра УПР-04-03-А02-001, на неопределено време

Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија објавува оглас за вработување на 1 (еден) извршител на определено време, на следново работно место:

I) **Помлад соработник за спроведување на обуки од кривичната област**, во Одделение за континуирана обука, во Сектор за обуки

**Општи услови:**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија,
- Активно да го користи македонскиот јазик,
- Да е полнолетен,


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје Република Северна Македонија
+389 2 2401 560 www.jpacademy.gov.mk

- Да има општа здраствена состојба за работното место и
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, правни науки;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во ЕУ (англиски, француски или германски) и
- со или без работно искуство.

**Општи работни компетенции:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од свој делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест и
- ориентираност кон странките/засегнати страни.

**Распоред на работно време:**

**Работни часови во неделата:** 40 часови неделно.
**Работно време:** од понеделник до петок од 08:30 до 16:30 часот.

**Паричен износ на основна плата:** 22.050,00 денари.

Кандидатите треба да ги исполнуваат општите и посебните услови утврдени со Правилникот за систематизација на Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија.

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање. Кандидатите со пријавата треба да ги

достават доказите за исполнување на условите, во оригинал или копија заверена кај нотар, и тоа:

- Доказ за државјанство;
- доказа дека не им е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- уверение – диплома за завршен степен на образование;
- доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици во ЕУ (англиски, француски или германски);
- кратка биографија и
- писмо за мотивација.

Со избраните кандидати ќе се склучи договор за вработување на определено време до 31.12.2021 година.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 5 (пет) работни денови, сметано од наредниот ден од денот на објавување на огласот (не сметајќи го денот на самото објавување). Условите наведени во огласот кандидатите, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата со потребната документација треба да се достави до архивата на Академијата за судии и јавни обвинители или по пошта, на следната адреса:

**Академија за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија**
**Булевар Јане Сандански број 12, 1000 Скопје**
**Архива на Академијата**
**(со назнака „за оглас за вработување бр 1/2021 година")**
**Контакт број 02 2401 577**

Ненавремените и некомплетните пријави нема да бидат предмет на разгледување.

II) **УПР-04-03-А02-001 Возач**, Одделение за работа со органите на Академијата, Сектор за правни работи и управување со човечки органи

Академијата за судии има потреба за вработување на 1 (еден) извршител на работното место, Возач, шифра на работно место УПР-04-03-А02-001, Ниво А2, назив – возач.

Кандидатот за работно место треба да ги исполнува **општите услови**:
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место; и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор :**

- средно образование – Средно гимназиско образование или средно стручно образование
- положен возачки испит за Б катагорија и
- 1 година работно искуство во струката.

**Распоред на работно време**:

**Работни часови во неделата**: 40 часови неделно.
**Работно време**: од понеделник до петок од 08:30 до 16:30 часот.

**Основна плата**: 27. 000,00

Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови:
- Уверение за државјанство;
- Уверение за општа здравствена способност за работното место;
- Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
- доказ за положен возачки испит за Б категорија и
- доказ – Диплома/Уверение за завршено образование.


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје Република Северна Македонија
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Одделение за правни работи и управување со човечки ресурси
Сектор за правни работи, управување со човечки ресурси и меѓународна помош

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 5 (пет) работни дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на огласот (не сметајќи го денот на објавување на огласот). Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување на неопределено време.

Пријавата со потребната документација треба да се достави до архивата на Академијата за судии и јавни обвинители или по пошта, на следната адреса:

**Академија за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија**
**Булевар Јане Сандански број 12, 1000 Скопје**
**Архива на Академијата**
**(со назнака „за оглас за вработување бр 1/2021 година")**
**Контакт број 02 2401 577**

Ненавремените и некомплетните пријави нема да бидат предмет на разгледување.

Академија за судии и јавни обвинители
Директор
Наташа Габер Дамјановска


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје Република Северна Македонија
+389 2 2401 560 www.jpacademy.gov.mk